ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА СРЕДНО ПОЛИЦИСКО УЧИЛИШТЕ,
по скратена постапка

Скопје, август 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено / Pranuar | 14. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlerë |
| 08 | 44581/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за средно полициско училиште, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Пратеници

Никола Мицевски
Бобан Карапејовски
Бојан Стојаноски
Зоранчо Гоганчев
Никола Коњановски
Александар Велјановски
Ели Панова

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Полициското образование, како и во секоја развиена држава, така и во Република Македонија е во функција на подготовка на идните полициски службеници за компетентно извршување на задачите од нивната струка. Имено, целта е подготвено да се одговори на сите безбедносни предизвици со коишто се соочува државата, а особено за да биде и чекор понапред во превенирањето на сите можни облици на општествени девијации со цел успешно справување со нив.

Недостигот од формализирано полициско средно образование го отежнува процесот на кариерен развој во безбедносниот сектор, ја намалува предвидливоста на човечките ресурси и не дозволува рано селектирање, воспитување и обучување на кадар според специфични безбедносни потреби на државата.

Согласно постојниот Закон за внатрешни работи којшто сеуште е во важност, работен однос во Министерството за внатрешни работи на работно место - полицаец, се заснова само врз основа на јавен оглас, под услови утврдени со овој и посебен закон. Избраните кандидати за полицаец се упатуваат на основна обука за полицаец во Центарот за обука на Министерството. Во Центарот за обука се спроведува обука на работник кој за првпат заснова работен однос во Министерството (обука на приправник), основна обука за полицаец, обука заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место и континуирана обука.

Сепак, досегашниот систем на обуки се фокусира исклучиво на лица кои веќе засноваат работен однос или се дообучуваат, што не овозможува рана и целосна подготовка на идните полицајци. Поради тоа се јави потребата од воспоставување Средно полициско училиште кое ќе обезбеди континуирано, структурирано и квалитетно образование уште од средношколската возраст, со цел да се подготви кадар кој од првиот ден на својата професионална кариера ќе поседува теоретски знаења и практични вештини во согласност со безбедносните стандарди и потребите на државата.

Согласно новиот Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 160/25), кој влезе во сила на 13 август 2025 година, а ќе започне со примена по девет месеци, односно на 13 мај 2026 година, се предвидува полициското образование во рамки на средно полициско училиште, како еден од начините за засновање на работен однос во Министерството на работно место – полицаец. При тоа, се предвидува во средно полициско училиште да се запишуваат ученици под услови и постапка утврдени со посебен закон.

Оттука, со Предлогот на Закон за Средно полициско училиште се уредуваат организацијата, статусот, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во Средно полициско училиште. Со овој закон се предвидува основање на државно средно училиште со цел образование и обука на ученици за полициската професија, кое ќе работи по наставни планови и програми утврдени од министерот за образование и наука во согласност со министерот за внатрешни работи.

Се предвидува ова средно образование да функционира во рамки на сегашниот Центар за обука во Идризово, односно согласно новиот Закон за внатрешни работи – Полициска академија. Истото ќе биде во времетраење од две учебни години, односно трета и четврта година средно образование, така што секој кандидат/ученик по завршување на прва и втора година средно училиште, на објавен конкурс може да се пријави и доколку ги исполнува предвидените услови, своето образование да го продолжи во средно полициско училиште.

Согласно потребите на Министерството за внатрешни работи ќе може паралелно да се спроведува и досегашната основна обука за полицаец во времетраење од една година.

Анализите од досегашната пракса и искуства од земјите во кои се спроведува средното полициско образование (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Чешката Република и други), укажуваат на тоа дека со ваков вид на образование иако се произведува помала бројка на кадар, со истото се оди на постигнување квалитет. Самото образование како подолготрајно дава поголеми резултати. Дополнително на ова е и фактот што кандидатите за средно полициско училиште се запишуваат на 15/16-та годишна возраст, наспроти сегашната основна полициска обука со 18 до 25 годишна возраст.

Последната генерација (24-та) во Средното полициско училиште заврши 2000-та година, а со примената на ова законско решение ќе се продолжи со 25-та генерација ученици во Средното полициско училиште.

Предлог решението е усогласено и со Законот за средното образование, со оглед на тоа што во истиот е дадена можност основањето на државно средно полициско училиште да се уреди со посебен закон.

Од овие причини се предлага да се пристапи кон донесување на предметниот закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Целите на Предлогот на Закон се воведување на системско решение за средно полициско образование, создавање на квалитетен полициски кадар, подигнување на стандардите на полициското работење, зголемување на атрактивноста на полициската професија за млади лица и утврдување на јасна

правна рамка за прием, селекција, организација и управување на Средното полициско училиште.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон не предизвикува фискални импликации за Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства и спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СРЕДНО ПОЛИЦИСКО УЧИЛИШТЕ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во Средното полициско училиште.

Член 2

Во Средното полициско училиште се остваруваат планови и програми за стручно образование и обука.

Член 3

Средно полициско училиште се основа како државно средно училиште.

Член 4

Средното полициско училиште се основа со одлука на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), само за остварување на планови и програми за средно образование на одредени категории на ученици за кои државата има посебен интерес.

Член 5

Дејноста што се остварува во Средното полициско училиште е од јавен интерес и се врши како јавна служба.

Член 6

(1) Средното полициско училиште нема својство на правно лице.

(2) Средното полициско училиште е во состав на организациската единица во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), надлежна за спроведување обука и полициско образование.

Член 7

За прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на Средното полициско училиште, се применуваат одредбите од Законот за средното образование.

Член 8

Наставните планови и програми за реализација на воспитно-образовната работа во Средното полициско училиште ги утврдува министерот за образование и наука во согласност со министерот за внатрешни работи, по претходно позитивно мислење од Бирото за развој на образованието и Центарот за развој на стручно образование и обука.

Член 9

Средното полициско училиште го основа Владата, ако:

- постојат потреби на државата од полициски кадри;
- се донесени наставни планови и програми за воспитно-образовна работа;
- се обезбедени соодветни простории и опрема за остварување на дејноста;
- со финансиски план е обезбедено одржливо ниво на финансирање најмалку за една генерација на ученици во Средното полициско училиште;
- е обезбеден потребен број лица кои ги исполнуваат условите утврдени за наставници и стручни соработници во средното образование и истакнати стручни лица од соодветна полициско-безбедносна област и
- се исполнети и другите услови кои се утврдени со нормативите и стандардите за основање на Средното полициско училиште заради вршење на дејноста.

Член 10

(1) Во Средното полициско училиште се запишуваат редовни ученици кои завршиле втора година средно образование во средните училишта на територијата на државата и кои успешно ги исполниле општите и посебните услови за прием и селекција.

(2) Општите услови од ставот (1) на овој член, се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да нема навршено 18 години возраст на денот на објавување на јавниот повик за прием на ученици во Средното полициско училиште;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е здравствено и психофизички способно;
- со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик.

(3) Посебните услови за прием и селекција за запишување во Средно полициско училиште ги пропишува министерот за внатрешни работи.

(4) За запишувањето на редовните ученици од ставот (1) на овој член, потребна е писмена согласност на родителот, старателот, односно застапникот по закон на ученикот.

Член 11

(1) Министерството на својата интернет страница објавува јавен повик за прием на учениците кои имаат интерес за запишување во Средното полициско училиште, 15 дена по завршувањето на учебната година.

(2) Процесот на селекција го врши Комисија за прием и селекција на кандидати за ученици во Средно полициско училиште (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од министерот за внатрешни работи, а составена од работници на Министерството.

(3) По завршените проверки и селекција за прием, Комисијата објавува конечна ранг листа на примени ученици во Средното полициско училиште.

Член 12

(1) Статус на редовен ученик во Средното полициско училиште се стекнува со запишување во Средното полициско училиште.

(2) Посебните права и обврски на учениците во Средното полициско училиште се уредуваат со договор, кој се склучува со родителот, старателот или застапникот по закон на ученикот.

Член 13

(1) За завршено Средно полициско училиште се издава диплома која ја потпишува министерот за внатрешни работи или од него овластен работник од Министерството.

(2) Дипломата од ставот (1) на овој член е јавна исправа за завршено средно образование со четири годишно траење.

Член 14

За учениците запишани во Средното полициско училиште, Министерството обезбедува сместување во ученички дом, кој е во состав на надлежната организациска единица за обука и полициско образование, исхрана и работна облека.

Член 15

Статусот на редовен ученик во Средното полициско училиште престанува ако ученикот:

- се испише,
- неоправдано не ја посетува наставата континуирано 25 наставни денови во текот на наставната година,
- ако по завршувањето на учебната година има три и повеќе негативни оценки и
- ако не го почитува договорот од членот 12 став (2) од овој закон.

Член 16

Учениците во Средното полициско училиште по завршувањето на четвртата година на образование, полагаат испит за завршување на средно образование согласно Законот за средното образование и Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит.

Член 17

(1) Воспитно-образовната работа во Средното полициско училиште ја остваруваат наставници, стручни соработници и истакнати стручни лица од соодветна област која се изучува во Средното полициско училиште.

(2) Наставниците и стручните соработници од ставот (1) на овој член, треба да ги исполнуваат условите од Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и нормативите за наставен кадар и стручни соработници во средното образование.

(3) За истакнато стручно лице од ставот (1) на овој член може да се избере лице на кое со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и кое исполнува најмалку еден услов и тоа:

- да има стекнато научен степен доктор на науки на соодветната област или
- да е запишан на докторски студии на соодветната област .

(4) Министерството објавува јавен оглас и врши селекција на истакнати стручни лица кои ги исполнуваат општите и посебните критериуми и услови од ставот (3) на овој член.

(5) Истакнатите стручни лица од ставот (3) на овој член ги ангажира Министерството за потребите на Средното полициско училиште, за времетраење на учебната година.

(6) Наставниците и стручните соработници од ставот (1) на овој член се работници на Министерството и имаат статус на овластени службени лица согласно со Законот за внатрешни работи, а нивните работни места се уредени во актот на систематизација на работните места на Министерството за внатрешни работи.

(7) Прописите што се однесуваат на правата и обврските на овластените службени лица на Министерството соодветно се применуваат и на работниците од ставот (6) на овој член.

Член 18

(1) Орган на управување во Средното полициско училиште е советот на наставници.

(2) Советот на наставници е составен од 11 члена од редот на наставниците назначени со решение на министерот за внатрешни работи, на предлог на раководителот на организациската единица надлежна за спроведување обука и полициско образование.

(3) Советот на наставници од редот на своите членови избира претседател.

(4) Одлуките на советот на наставници се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на советот кои имаат право на гласање и донесување на одлуките.

(5) Советот на наставници:

- донесува статут,
- одлучува по жалби на ученици, родители односно старатели на учесници во однос на спроведувањето на обуката и оценувањето, по што донесува мислење со препорака за понатамошно постапување во однос на предметот на жалбата,
- одлучува по барања од страна на ученик, родител односно старател во врска со обуката и оценувањето.

(6) За одржаните седници на советот на наставници се води записник.

Член 19

(1) Средствата за финансирање на Средното полициско училиште се обезбедуваат од Буџетот на Министерството, под услови и во постапка утврдени со Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, како и од други извори.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член, Министерството ги распределува на Средното полициско училиште, врз основа на мерила и критериуми за распоредување на средствата на Средното полициско училиште, кои ги утврдува министерот за внатрешни работи.

(3) Трошоците за договорни услуги наменети за подмирување на бруто надоместокот за истакнатите стручни лица ги надоместува Министерството, и тоа најмногу до една просечна месечна исплатена нето-плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, според податоците објавени од Државниот завод за статистика, до денот на склучување на договорот за ангажирање. Висината на надоместокот ќе зависи од обемот на ангажманот на истакнатите стручни лица во воспитно-образовниот процес на Средното полициско училиште и од степенот на нивното образование.

Член 20

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

Член 21

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 13 мај 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за Средно полициско училиште е систематизиран во 22 члена.

Со членот 1 се уредува предметот на законот, односно дека со него се регулира организацијата, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во Средното полициско училиште.

Со членот 2 се уредува дека во училиштето се реализираат планови и програми за стручно образование и обука.

Со членот 3 се уредува дека училиштето се основа како државно средно училиште.

Со членот 4 се уредува дека училиштето се основа со одлука на Владата и дека истото е наменето за категории ученици од посебен државен интерес.

Со членот 5 се утврдува дека дејноста на училиштето е од јавен интерес и се врши како јавна служба.

Со членот 6 се уредува статусот на Средното полициско училиште како дел од организациската структура на Министерството за внатрешни работи надлежна за спроведување обука и полициско образование.

Со членот 7 се уредува дека за прашањата што не се регулирани со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за средното образование.

Со членот 8 се уредува дека наставните планови и програми ги утврдува министерот за образование и наука во согласност со министерот за внатрешни работи, по добиено мислење од Бирото за развој на образованието и Центарот за развој на стручно образование и обука.

Со членот 9 се уредуваат условите под кои Владата може да основа Средно полициско училиште.

Со членот 10 се уредуваат условите за упис на ученици во училиштето, вклучувајќи ја и потребата од писмена согласност од родител, старател, односно застапник по закон.

Со членот 11 се уредува постапката за јавен повик и процесот на селекција на кандидати, кој го врши комисија формирана од министерот за внатрешни работи.

Со членот 12 се уредува статусот на редовен ученик во Средното полициско училиште, при што се уредува дека посебните права и обврски на ученците во Средното полициско училиште се уредуваат со договор, кој се склучува со родителот, старателот или застапникот по закон на ученикот.

Со членот 13 се уредува издавањето диплома за завршено Средно полициско училиште.

Со членот 14 се уредува дека Министерството за внатрешни работи обезбедува сместување, исхрана и работна облека за учениците.

Со членот 15 се уредуваат условите под кои ученикот го губи статусот на редовен ученик.

Со членот 16 се уредува дека учениците полагаат завршен испит согласно Законот за средно образование и Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит.

Со членот 17 се уредува начинот на спроведување на воспитно-образовната работа, критериумите за избор на наставен и стручен кадар, нивниот статус и нивните права и обврски.

Со членот 18 се уредува дека со училиштето управува совет на наставници, при што се уредува неговиот состав, надлежности и начин на донесување одлуки.

Со членот 19 се уредуваат изворите на финансирање на училиштето, критериумите за распределба на средства и висината на надоместоци за истакнатите стручни лица.

Со членот 20 се уредува надзорот над примената на Законот, кој го врши Министерството за внатрешни работи.

Со членот 21 се уредува рок за донесување подзаконските акти.

Со членот 22 се уредува влегувањето во сила и почетокот на примената на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој предлог на закон се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на овој закон ќе се воспостави правна рамка за основање и функционирање на Средно полициско училиште во кое ќе се образуваат идните полициски службеници. Со Предлогот на Закон се уредува организирањето, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во Средното полициско училиште, критериумите за упис на ученици и правата и обврските на учениците, како и на наставниот кадар. Имајќи ги предвид безбедносните предизвици и потребата од професионален, одговорен и стручно-обучен кадар, овој закон е од суштинско значење за подобрување на безбедносниот систем на државата и заштитата на јавниот ред и мир.